| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Промените на времето во есен |
| **Содржина на денот** | „...Во есен...“ – печатење со нестандарден ликовен материјал |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | М-р Сања Алексоска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговарајте со Вашето дете за хигиената на рацете. Насочете го правилно да препознава кога се чисти рацете, а кога валкани. |
| **Активности** | Искористете го секој слободен момент за есенска прошетка со Вашето дете. Додека шетате низ паркот, зборувајте за тоа што забележувате на дрвјата и лисјата. Бидете сигурни дека Вашето дете Ве слуша. Насочувајте го вниманието на забележување на промените на природата во есен – Какви се дрвјата?, Во кои бои се лисјата?, Помирисајте некое есенско цвеќе..., Каде е сонцето? и слично. Поттикнете го правилно да дише на тој начин што ќе помирисате есенско цвеќе и длабоко ќе земете воздух, а ќе дувнете есенски лист и ќе издишете. Можете заедно да соберете есенски листови за дома.<br>Подгответе чепкалки за уши и темперни бои. На пластична подлога заедно мешајте ги боите со чепкалките и печатете на претходно нацртана контура од дрво. На тој начин ја развивате кај Вашето дете координацијата на око-рака и контрола на дланките и прстите.<br>Доколку трае интересот на Вашето дете, од собраните лисја можете да направите форма на човече или некое животно. |